Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Александар Сапроновски како претседател и членовите Наим Рамети и Оливера Митевска, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, поведена по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-030976/22-0005 од 05.07.2022 година на Царинарница Гевгелија, ЦИ Богородица, против Левент Јумеровски од Штип, за сторен прекршок од член 263 став 3 в.в. став 1 точка 5 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и член 52, 54, 55 и член 115 став 1 од Законот за прекршоците, на ден 28.12.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

### I

1.Се запира постапката поведена против лицето Левент Јумеровски од Штип, со живеалиште на ул.„Солидарност" број 5-14 во Штип, со ЕМБГ 0603983490006, со патна исправа бр.В0567708 издадена на 12.02.2014 година од МВР на РМ, државјанин на Република Северна Македонија, за сторен царински прекршок по член 263 став 3 в.в став 1 точка 5 од Царинскиот закон, согласно член 115 став 1 алинеја 1 од Законот за прекршоците, затоа што обвинетиот починал.

2. Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок ја изрече задолжително предвидената посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на сторениот прекршок и тоа: 20 парчиња телевизиски дигитален приемник – „ТВ Box Android".

### II.

Со ова решение се заменува решението на Комисијата за одлучување по прекршок Прк.бр.0155/22 од 15.07.2022 година, кое се става вон сила.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка број 28-030976/22-0005 од 05.07.2022 година на Царинарница Гевгелија, ЦИ Богородица, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка против Левент Јумеровски од Штип, за сторен прекршок од член 263 став 2 в.в. став 1 точка 5 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по царински прекршок согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците, со покана за писмено произнесување број 28-030976/22-0006 од 17.06.2022 година, писмено го извести сторителот за поднесеното барање и го поучи да се изјасни за фактите и доказите поднесени во врска со истото.

Сторителот уредно ја примил поканата за писмено произнесување на ден 20.06.2022 година видно од повратницата од пошта Штип и истиот до Комисијата достави писмено произнесување број 28-030976/22-0007 од 28.06.2022 година, во кое наведе дека на ден 07.06.2022 година не бил информиран дека за купената стока од 300 евра треба да се плати царина. Тие биле двајца и купиле повеќе андроиди TV box. Цената за еден купен Box е 15 евра или вкупно платиле 300 евра за дваесет парчиња. Ја замолува Комисијата да му се врати стоката со плаќање на одреден износ на царина. Ова прв пат, и истото му се случува поради неинформираност. Се води како невработен и замолува за разбирање. Во прилог доставува телефонски број и адреса од продавницата во Солун, каде што се купени сите уреди.

Комисијата откако утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и за донесување на одлука, донесе решение Прк.бр.0155/22 од 15.07.2022 година со кое на сторителот Левент Јумеровски од Штип му изрече глоба во износ од 150 (сто и педесет) евра, во денарска противвредност, како и задолжително предвидената посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на сторениот прекршок и тоа: 20 парчиња телевизиски дигитален приемник – „ТВ Box Android".

Комисијата на ден 12.08.2022 година го експедираше решението до сторителот Левент Јумеровски од Штип. На ден 12.09.2022 година од страна пошта Штип со повратница е вратено предметното решение, со забелешка дека лицето Левент Јумеровски од Штип е починат.

Со барање за доставување на информација број 28-030976/22-0012 од 13.12.2022 година Комисијата побара одговор од Министерството за правда – Управа за водење на матични книги подрачно одделение Штип, дали наведеното лице Левент Јумеровски од Штип е евидентирано во матичната книга на умрени.

Министерството за правда – Управа за водење на матични книги подрачно одделение Штип, со известување број 09-826/2 од 21.12.2022 година ја извести Комисијата дека лицето Левент Јумеровски од Штип, со ЕМБГ 0603983490006 е починат на ден 23.07.2022 година во Штип, а податокот за смртта е запишан во Матична книга на умрени за град Штип под тек.бр.488/2022 година.

Согласно член 115 став 1 алинеја 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" број 96 од 17.05.2019 година) прекршочната постапка се запира ако обвинетиот починал.

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон стоката која е предмет на прекршок од членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) и членот 265 во врска со членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) на овој закон, се одзема.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложените писмени докази, Комисијата ја запре прекршочната постапка против обвинетиот Левент Јумеровски од Штип и одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Со оглед да тужбата го одлага извршувањето на глобата примерок од истата да биде доставена до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Северна Македонија–Царинарница Скопје на ул.„Колекторска" бб, Скопје, во спротивно ќе се наплати согласно одредбите на Закон за даночна постапка.

Претседател на Комисија
Александар Сапроновски

Бр.28-030976/22-0015
Скопје, 28.12.2022 година
Прк.бр.0155/22

Доставено во оригинал до:
- архива,
- предмет

Доделено преку ЕДМС до:
- подносител